РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ
ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 03-251/1
28.05.2019 год.
СКОПЈЕ

КОМОРА НА СТЕЧАЈНИ УПРАВНИЦИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

КОМОРА НА СТЕЧАЈНИ УПРАВНИЦИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04-32/1
28.05.2019 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**помеѓу**

1. **Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев**, со седиште на бул. „Јане Сандански" бр. 12, во Скопје, претставувана од директорката, Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска и

2. **Комора на стечајни управници на Република Северна Македонија**, со седиште на ул. „Васил Стефановски" бр. 26/16, во Скопје, претставувана од претседателот Ацо Петров.

Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев и Комората на стечајните управници на Република Северна Македонија (во натамошниот текст „потписници"), потврдувајќи ја заедничката заложба да дадат свој придонес за зајакнување на капацитетите на судството и стечајните управници, преку развивање меѓусебна соработка во насока на соодветна примена на законите во областите од интерес на судството и стечајните управници, се договорија за следното:

**Член 1**

Со овој Меморандум се регулираат правилата на меѓусебната соработка и координација на активности меѓу Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев и Комората на стечајни управници на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во рамки на нивните законските надлежности, преку:

- одржување заеднички обуки (советувања, работилници, конференции, семинари) за судиите од сите инстанци кои постапуваат во предмети од областа на стечајот и стечајните управници, за нивно континуирано стручно усовршување;
- ангажирање национални и меѓународни експерти од областа за предавачи;
- овозможување учество при студиски посети и конференции во странство;
- донација на стручна литература;

**Член 3**

За обуките и другите активности во рамки на меѓусебната соработка, потписниците заеднички ќе ги договараат конкретните теми од интерес и ќе вршат размена на предавачи, учесници, искуства и знаења. Покрај тоа, се предвидува користење на просторните капацитети на потписниците.

Во дописите за известување на судиите и стечајните управници за настаните што се организираат, потписниците ќе наведат дека истите се спроведуваат во меѓусебна соработка.

Потписниците во меѓусебна координација ќе подготват прашалник за оценка на настаните што ги организираат во рамките на соработката предвидена со овој меморандум.

Во програмите-агендите за настаните како и на листите на учесници и прашалниците за оценка на реализираните настани, задолжителна е употребата на логоата на потписниците.

**Член 4**

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа со цел за унапредување на соработката.

**Член 5**

Овој меморандум за соработка може да се измени или дополни со писмен договор меѓу двете страни.

**Член 6**

Овој Меморандум влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Меморандумот се склучува со важност на неодредено време.

Меморандумот престанува да важи со писмено откажување на една од страните-потписнички.

**Член 7**

Овој Меморандум е изготвен во два еднообразни примероци од кои по еден за секоја страна-потписничка.

Потпишан во Скопје на _________ , 2019 година

| | |
|---|---|
| Академија за судии и јавни обвинители | Комора на стечајни управници на Република Северна Македонија |
| Павел Шатев | претседател, |
| директор, | Ацо Петров |
| Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска | |